04 - 101/15

18. 01. 24 год.

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони донесе:

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони

1. Кандидатот Марија Радинска врз основа на спроведен Интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 5 (пет) административни службеници, се избира за работно место УПР0101Б03000 Помошник раководител на сектор за јавни набавки во Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки - 1 (еден) извршител.
2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2023, со архивски број 04-101/10 од 15.01.2023 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Врз основа на добиеното Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии бр.18-13922/2 и 18-13921/2 од 21.12.2023 година, Директорот на Дирекцијата поднесе барање до Одделението за управување со човечки ресурси бр. 04-1693/1 од 26.12.2023 година, за започнување на постапка за унапредување на 5 административни службеници во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

По добиеното барање, Одделението за управување со човечки ресурси на ден 29.12.2023 година, на веб страната на Дирекцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација објави интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Дирекција за тенолошки индустриски развојни зони.

Под реден број 2 во интерниот оглас е работното место Помошник раководител на сектор за јавни набавки во Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки - 1 (еден) извршител.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за унапредување на административен службеник формирана од страна на Директорот на Дирекцијата со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-101/2 од 10.01.2024 година, направи административна селекција на единствениот пријавен кандидат кој ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

Врз основа на освоените бодови од административна селекеција и освоени бодови од спроведеното интервју, Комисијата состави Записник од административна селекција бр.04-101/8 од 15.01.2024 година за унапредување на административен службеник, Записник од спроведено интервју бр.04-101/10 од 15.01.2024 година за работно место под реден број 2 во огласот и изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати како и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 01/2023.

Врз основа на ранг листата Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони донесе Одлука за избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација - Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението

Директор
Јован Деспотовски

Доставено до:
-Именуваниот административен службеник
-Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за финансиски прашања
-Архива

Изработил: Благородна Трајковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова